МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

CUPIDA LEGUM JUVENTUS



**ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА И УСЛУГИТЕ НА МИГРАНТИТЕ И БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Б И Л Т Е Н

***БРОЈ 04, Мај 2016***

Содржини од претходното издание:

- ☑ Дотогашна имплементација на проектот „Подобрување на заштитата на правата и услугите на мигрантите и барателите на азил во Р. Македонија“
- ☑ Обуки за подобрување на вештините на адвокати и правници за обезбедување на правна помош и застапување во постапка за азил преку системот на бесплатна правна помош
- ☑ Барања за бесплатна правна помош во постапка за признавање на право на азил и нивно поднесување до Министерство за правда
- ☑ Информации за бегалската криза

Содржини во ова издание:

- ☑ Завршна фаза на имплементација на проектот „Подобрување на заштитата на правата и услугите на мигрантите и барателите на азил во Р. Македонија“
- ☑ Бесплатна правна помош во постапка за признавање право на азил. Реална состојба и предизвици
- ☑ Измени на Закон за азил и привремена заштита и нивните импликации во праксата
- ☑ Информации за бегалската криза, состојба на гранични премини и сродни информации




## ЗАВРШНА ФАЗА ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

Проектот „Подобрување на заштитата на правата и услугите на мигрантите и барателите на азил во Р.Македонија“ навлезе во деветтиот месец на неговата имплементација. Предвиден како десет месечен проект, неговата главна цел се состои во преземање на предвидените активности, опишани во претходните изданија, со стремеж кон олеснување на пристапот на мигрантите и барателите на азил до државните институции пред кои доброволно ќе го остваруваат правото на азил, а притоа во процесот на остварување на ова право да им биде обезбедена квалитетна и ефективна правна помош со користење на институтот бесплатна правна помош (БПП). Секако, во овој период беше следена и примената на Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП) и Законот за азил и привремена заштита (ЗАПЗ), од кои впрочем проектните активности ја влечат својата имплементација. Преку набљудување на примената на овие закони во праксата, се отвори можност за пронаоѓање на законските правни празнини, нефункционалности или недоречености, како би можело да се пристапи кон процес на креирање на предлози за надминување на истите.

Како би можело да се постигне главната цел на проектот, Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во наредниот период ќе изготви анализа која ќе даде одговор на прашањата поврзани со усогласеноста на правната рамка која го регулира пристапот до правна помош за барателите на азил во РМ со меѓународните стандарди, како и одговор на прашањето за брзината и ефикасноста на правната помош која барателите на азил можат да ја добијат преку системот на бесплатна правна помош. Анализата ќе поттикне дебата помеѓу државните актери, која пак понатака ќе се стреми кон донесување на заеднички заклучоци и можни решенија за надминување на затекнатата состојба.

## БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ. РЕАЛНА СОСТОЈБА И ПРЕДИЗВИЦИ

Во периодот пред официјално затворање на границите и спречување на протокот на бегалците преку територија на РМ, МЗМП поднесе 16 барања за БПП во постапка за признавање на правото на азил за 16 баратели на азил со потекло од Иран и Пакистан. Овие барања беа поднесени на крајот на февруари 2016 година, директно до Министерството за правда на РМ (МП), од причина што не беше исполнет условот од член 20 став 1 од Законот за бесплатна правна помош за да истите бидат поднесени до надлежното подрачно одделение на министерството. Согласно член 21 и член 22 од истиот закон, Министерството за правда е должно во рок од 20 дена сметано од денот на поднесување на барањето да донесе одлука по истото. Бидејќи министерството во наредниот месец не донесе одлука, иако барателите се уште беа присутни во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово и за истите беа изготвени сите потребни документи, МЗМП поднесе ургенција со која бараше приоритет во постапувањето, а имајќи ја предвид итноста на постапката. Во наредните 60 дена Министерството се уште немаше донесено одлука иако беше поднесена и втора ургенција со барање за приоритетно постапување, а исто така одлука не беше донесена и до крајот на месец мај 2016 година, иако рокот од 20 дена за постапување по поднесено барање веќе практично три пати е пречекорен. Сепак, останува предизвикот за почитување на роковите за одлучување по поднесено барање за БПП, особено за дописите по службена должност кои МВР треба да ги испрати до МП во поглед на докажување на статусот на барателот на азил, што во најголем број случаи ја успорува целата постапка. Ваквото постапување на надлежниот орган упатува на негови недоволни капацитети и оспособеност за решавање по барања за конкретното правно прашање, иако веќе еднаш во рамки на проектот беше понудена соодветна работилница.

МЗМП спроведе неколку состаноци и даде придонес со посочување на недостатоците на Законот за БПП, а воедно и зема учество на Тркалезната маса, под организација на МП, кое во партнерство со МП на Латвија и МП на Хрватска го спроведува ИПА Твининг проектот „Зајакнување на владеење на правото“. Во овој контекст, беа изложени и практичните проблеми со кои МЗМП се среќава во поглед овозможување правна помош во постапката за признавање право на азил преку системот на бесплатна правна помош.

## ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВО ПРАКСАТА

На 04.04.2016 година Собранието на РМ го изгласа, а на 11.04.2016 година го објави во Службен весник бр. 71/2016 Законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, чии одредби се применливи веднаш со денот на објавата. Со овие измени и дополнувања, извршено е ограничување на семејното обединување (кое може да се оствари по 3 години од добивање на правото на азил), прецизирање и дефинирање на терминот „безбедна трета земја“, прецизирање на рокот во кој Одделението за азил ќе му издаде потврда на барателот за дозвола да остане во РМ додека трае неговата постапка за азил, како и додавање на алинеја во однос на неоснованоста на барањето за азил ако лицето пристигнало на територија на РМ од безбедна трета земја.

Во пракса, најпроблематични би биле следните две промени: (1). Остварување на семејно обединување во период по протек на три години од добивање на правото на азил, што е во директна спротивност со утврдување на најдобар интерес на детето и потребите на малолетниците и малолетниците без придружба регулирани со член 22-а, 23 и 23-а од ЗАПЗ. (2). Новододадената одредба за утврдување безбедна трета земја е недоволно уредена, противречна на меѓународни норми и е на директна штета на заштита на човековите права на бегалците. Најпрво одредбата е во спротивност со член 39 од Директивата 2013/32/EU што се однесува на заеднички постапки за доделување и повлекување на меѓународна заштита. Понатаму, новододадениот член не е докрај јасен кое правно средство и во кој рок може барателот да го употреби за оспорување на примената на принципот безбедна трета земја, а уште повеќе не е дадена можност за него да докаже дека оваа трета земја не е безбедна имајќи ги во предвид неговите лични околности, како и недостаок на појаснување што би се случило со лица за коишто е утврдена безбедна трета земја, но истата не ги прифаќа на својата територија и не гарантира дека ќе им овозможи пристап до постапка за азил и ќе им пружа соодветна заштита за време на постапката. Ваквата состојба треба да се набљудува од аспект на фактот дека ако една земја е членка на ЕУ, НАТО или ЕФТА не значи дека истата има ефективен систем за азил и постапува со барателите согласно Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 и Европската конвенција за заштита на човекови права.

# ИНФОРМАЦИИ ЗА КУЛМИНАЦИЈА НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА, СОСТОЈБА НА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ И СРОДНИ ИНФОРМАЦИИ



Преземено од vesti.mk

Почнувајќи од 07 март, кога беше одржан самитот помеѓу европските лидери и турскиот премиер, а подоцна и преку средината на Март кога беше склучен договорот помеѓу истите страни за решавање на бегалската криза, настана нова ситуација во однос на протокот на бегалците преку Западнобалканската рута, вклучувајќи ја и Р.Македонија. Тоа предизвика стопирање на патувањето за „подобро утре“ за повеќе од 1000 лица од истокот и ги затече „заглавени“ на територија на Р.Македонија.



Фотографија на МЗМП

Веднаш на почетокот на месец април, Грција пристапи кон преземање на мерки во склоп на предвиденото во договорот помеѓу Брисел и Турција, со тоа што усвои закон кој го дозволува враќањето на бегалците во Турција. Со цел вршење притисок врз македонските власти за отварање на јужната граница, бегалците и мигрантите во Идомени започнаа штрајк со глад. Враќањето на нелегално влезените мигранти на територија на ЕУ без право на бегалски статус, од Грција во Турција, започна на 04.04.2016 преку организирани грчки бродски компании помогнати од силите на Фронтекс. Штрајковите во Идомени се развија неколку дена подоцна во помасовни протести поради добиените (лажни) информации дека границите ќе бидат повторно отворени, засилени со камења и молотови коктели кон македонската полиција, која подоцна интервенирала со користење на солзавци за растерување на групата и за стабилизирање на ситуацијата.

Во услови на затворени граници, во текот на првата половина на месец април и во текот на остатокот од април, зачестени се обидите за илегални преминувања долж македонско-грчката граница, така што забележани се неколку случаи на пресретнување на бегалци од страна на македонската полиција. Пресретнатите лица најчесто се носени во полициска станица, а потоа во кампот на јужната граница. Не е познато како е постапувано бидејќи дел од нив кои биле носени во прифатниот камп во Гевгелија не се задржувале предолго. Медиумите истражуваат и известуваат за нелегалните премини и „помошта“ која се користи за истото. Од друга страна, пак, од затворањето на границите во месец март до крајот на месец април, во споредба со почетните 1000 (и повеќе) „заглавени“ лица, во овој период во прифатниот транзитен центар Винојуг во Гевгелија се присутни постојани 113 бегалци, додека во Транзитниот центар Табановце на северната граница се присутни приближно 500 бегалци.

Месец мај се карактеризира со повеќе интервенции на МВР за спречување на нелегалниот премин на македонско– грчката граница. Интересен е податокот кој говори за почетокот на месецот, кога за само една вечер 861 лице биле спречени во нивната намера, наспроти вкупно откриените 11.803 мигранти за периодот од 8ми март до 12ти мај, сите на влез во Македонија. Според известувањата на МВР, сите кои се откриени се вратени во Р. Грција.

Имено, статусот на присутните бегалци во камповите на северната и јужната граница на Македонија со Србија и Грција, сеуште не е правно решен. До Секторот за азил при Министерство за внатрешни работи, во периодот од затварање на границите до крајот на мај се поднесени повеќе од 150 барања за признавање на правото на азил. Во овој период, Министерството за внатрешни работи нема донесено позитивно решение. Споредбено, за истиот период, во Грција се регистрирани 6.605 барања за признавање право на азил, над 440 нелегални мигранти биле вратени во Турција во рамки на договорот склучен со ЕУ, а 125 бегалци од Сирија биле распоредени во пет европски држави, и тоа Германија, Холандија, Финска, Шведска и Литванија.

Наспроти состојбата на нелегален влез на територија на РМ, забележана е и состојба на постојано намалување на бројката на присутните бегалци сместени во ТЦ Табановце. На почетокот на месец Мај, бројката од над 1000 „заглавени бегалци“ се намали на 305 присутни бегалци, додека на самиот крај на истиот месец од надлежните институции во кампот е забележана бројка од 143.



Фотографија на МЗМП

Портпаролката на европскиот комесар за миграции и внатрешни работи Димитрис Аврамопулос изјави за НОВА дека Македонија треба да почне да ги разгледува барањата за азил на бегалците кои се на нејзина територија.

Од склучување на договорот помеѓу Турција и ЕУ до средината на мај, бројот на лицата кои пристигнуваат на грчките острови во Егејското Море значително е намален .

“ ...Хуманитарниот аспект го покриваат хуманитарните организации, меѓународни организации, наши домашни компании, хумани луѓе... Ако дојде втор бран мигранти тогаш мора да се најде начин многу поефикасно да се пристапи, многу побрзо да се менаџира целиот тој процес, затоа што кога беше првиот бран имавме многу неусогласеност на европските институции, нивното функционирање и бавно реагирање за изнаоѓање решение” - изјава на Претседателот на РМ, Иванов, на самитот на процесот Брдо-Бриони во Сараево, одржан на крајот на мај.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА И УСЛУГИТЕ НА МИГРАНТИТЕ И БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Македонско здружение на млади правници-Скопје, Контакт: Елена Георгиевска, egeorgievska@myla.org.mk**